**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Влатко Лалков**
**именуван за подрачјето**
**на Основниот суд**
**Велес, Гевгелија, Кавадарци и Неготино**
**ул.Цано Поп Ристов бр.24а**
**тел. 043/609-255;**
**lalkovizvrsitel@gmail.com**

**И.бр. 538/2023**

Извршителот Влатко Лалков од Кавадарци, ул.Цано Поп Ристов бр.24а врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот Трговско друштво за трговија, производство и услуги АЛПЕКС ДООЕЛ Гевгелија од Гевгелија со седиште на БОРИС КИДРИЧ ББ преку полномошник Игор Наков, засновано на извршната исправа НПН бр.119/2023 од 23.03.2023 година на Нотар Ѓорѓи Николов од Гевгелија, против должникот ДПТУ МСГ БАЛКАН ДООЕЛ Гевгелија од Гевгелија со седиште на ул.Борис Кидрич бр.3, за спроведување на извршување во вредност 790.923,00 денари на ден 16.05.2024 година го составува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОДАЖБА НА ПОДВИЖНИ ПРЕДМЕТИ СО УСНО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ**
**(врз основа на членовите 108 и 109 од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА прва продажба со усно јавно наддавање на следните подвижни предмети:

1. ПМВ Форд Мондео со регистарски ознаки GE-1256-AB, со број на шасија WF05XXGBB5YY40879 со проценета вредност од 95.325,00 денари,
2. Женски велосипед RED ROSE со проценета вредност од 6.700,00 денари,
3. Четири (4) железни сталажи за складирање алати,
    - Прва сталажа со 5 рафта и 1 метро должина со проценета вредност од 2.500,00 денари,
    - Втора сталажа преградена со 5 рафта и 2 метри должина со проценета вредност од 5.000,00 денари,
    - Трета сталажа преградена со 2 рафта и 2 метри должина со проценета вредност од 5.000,00 денари,
    - Четврта сталажа со 2 рафта, непреградена и 2 метри должина со проценета вредност од 4.000,00 денари,
4. Кафеаво аголно биро со два фјокари, и димензии 2м х 1м со проценета вредност од 7.000,00 денари,
5. Печатач A3 HP deskjet 9800 како и принтер HP laser jet P1102, персонален компјутер со кукиште, монитор FlexScanM1900, тастатура и глувче со кабли за поврзување на истите со проценета вредност од 13.100,00 денари,
6. Монитор, тастатура, кукиште, маус и принер марка HP deskjet 2050a, Принер марка EPSON stulys office BX305, кабли за поврзување и три мауси, монитор Fujitsu, Десктоп Benq LEO senseye 3, со проценета вредност од 12.800,00 денари,
7. Железна кутија за алат црвена боја со разни типови на спирални бургии 5,75фи и 7,75фи 30 броја и дрвена кутија за алат, светла дрво боја полна со навртки околу 2,5фи Спирални бургии собрани во бела канта од 12фи 13фи и 15фи 20 броја, Микромерач за внатрешно мерење на притисок со барометар и AC Induction Motor 60w 5IK60GN-CF со проценета вредност од 17.700,00 денари,
8. Ударна дупчалка DEWALT DW292 type 1, брусалка DEWALT D2849-QS и Elektromotor MGM motori elettrici s.p.a , Ins class F, prot IP 54, Hz50, Volt 220, Amp 3 со проценета вредност од 24.200,00 денари,
9. Дигитална вага ,,digital dynamometer'' GR 5 спакуван во пластична кутија , Железна голема стега и шест брави (locking element ACE) и Разни зупчаници 20 броја и кукишта за лагери поставени на палети 18 броја со проценета вредност од 18.000,00 денари,

кои вредности претставуваат почетна цена за првото усно јавно наддавање.

Предметите се оптоварени со следните товари: залога во корист на доверителот Трговско друштво за трговија, производство и услуги АЛПЕКС ДООЕЛ Гевгелија од Гевгелија.

Продажбата ќе се одржи на ден **28.05.2024 година во 10,00 часот** во просториите на Извршител Влатко Лалков од Кавадарци на ул. Цано Поп Ристов бр.24а во Кавадарци тел: 043 609 255

Продажбата на предметите ќе се објави во дневниот весник Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои еден ден пред продажбата положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десетина) од утврдената вредност. Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката на извршителот со бр. 280109104204042 која се води кај Силк Роуд банка АД Скопје и ЕДБ5011021506818. На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Купувачот е должен да ја положи вкупната цена на предметите, веднаш по заклучувањето на наддавањето, а најдоцна во рок од три дена согласно член 112 став (1) од Законот за извршување.

Предметите што се ставени на продажба може да се разгледаат кај доверителот Трговско друштво за трговија, производство и услуги АЛПЕКС ДООЕЛ Гевгелија од Гевгелија по претходна дозвола од Извршител Влатко Лалков.

Овој заклучок се доставува до странките, а на учесниците на надавањето по нивно барање.

И З В Р Ш И Т Е Л
Влатко Лалков